КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ДЕМОНТЕРИ НА МИНИ, ГРАНАТИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

Со извршена промена по одлука бр. 0204-2284/2 од 01.03.2013 година.

## Општи одредби
### Член 1

(1) Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за осигурување демонтери на мини, гранати и други експлозивни средства од последици на несреќен случај (во понатамошен текст: Дополнителни услови), се составен дел на договорот за осигурување демонтери на мини, гранати и други експлозивни средства од последици на несреќен случај, што договорачот на осигурувањето ќе го склучи со Друштвото за осигурување, (во понатамошен текст: осигурувач).

(2) Договарач на осигурувањето може да биде правно и физичко лице.

(3) Лицата што се осигуруваат според овие Дополнителни услови осигурени се без оглед на нивната здравствена состојба, општата работна способност, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (1) точка 4 на Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност, кои во секој случај се исклучени од осигурувањето.

## Обврски на осигурувачот
### Член 2

(1) Осигурувачот е во обврска ако несреќниот случај настане само за време на обавување на дејноста за која е склучено осигурувањето.

## Траење на осигурувањето
### Член 3

(1) Осигурувањето започнува за секој осигуреник од моментот на почетокот на вршењето на припремните работи за демонтирање, а престанува кога предметот за демонтирање е ставен во таква состојба во која веќе не е опасен.

## Завршни одредби
### Член 4

(1) Овие Дополнителни услови важат со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај, а доколку нивната содржина е спротивна со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови.

## Правна поука

- Доколку осигуреникот или корисникот на осигурување не се задоволни од првостепената одлука, имаат право да поднесат приговор во рок од 8 (осум дена) до Комисијата која одлучува по приговори.
- Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето, можат да доставаат жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО), како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.
- Во случај на спор помеѓу договорувачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

Претседател на Одбор на директори
Иван Фабијанчиќ